МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВО
СТУДИСКА ПРОГРАМА: МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

МЕНАЏМЕНТОТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИ НА ДОМАШНО И МЕЃУНАРОДНО НИВО

СТУДЕНТ: **СУЗАНА СТОЈКОСКА**

БРОЈ НА ИНДЕКС: **M211020**

МЕНТОР: **ПРОФ. Д-Р ЈУЛИЈА АТАНАСОВСКА**

Свети Николе, 2023 година

Тема: **Менаџментот на човечките ресурси и спроведување на обуки на домашно и меѓународно ниво**

Членови на комисија:

1. Ментор: проф. д-р Јулија Атанасовска

2.

3.

ИЗЈАВА ЗА ПЛАГИЈАТИЗАМ

Инвестирање во обука на вработените - сигурен пат кон успехот!

АПСТРАКТ

Целта на создавање на овој магистерски труд е да се направи сеопфатна анализа на обуката на домашно и меѓународно ниво, како и развојот на персоналот како алатка за успешно работење во сите сфери, а со цел нивно подобрување и развој. Овој магистески труд, всушност, има за цел да ја испита обуката и развојот на вработените на домашно и меѓународно ниво за успешно работење и искористување на капацитетот на вработените. Сложеноста на управувањето со човечките ресурси бара современи начини на квалитетно управување со нив, што опфаќа низа планови, политики и програми коишто треба да се приспособат кон желбите, целите и потребите на индивидуите во организацијата. Развојот на човечките ресурси е повеќе од потребен затоа што не е доволно само да се пронајдат способни и вредни вработени, туку е потребно истите постојано да се дообразуваат, да се следат и да се мотивираат бидејќи само на тој начин се постигнува двострано задоволство, при што од една страна работникот ќе биде задоволен бидејќи работи во една таква организација, а од друга страна, организацијата на сметка на таа успешност, ќе бележи голема добивка. Обуките се неопходни бидејќи преку нив вработените доаѓаат до нови знаења и вештини кои им помагаат да се развиваат во насока на максимална продуктивност и професионалност.

Конечно, во сите организации (особено јавните) треба да се зголеми свеста за потребата од менаџментот на човечките ресурси, како и потребата од континуирано инвестирање во нови и подобрување на постојните знаења и вештини на вработените, а со цел создавање на успешни организации и бизниси.

Клучни зборови: обука и развој, човечки ресурси, ефикасност, перформанси

Investing in employee training, a sure path to success!

ABSTRACT

The purpose of creating this master's thesis is to examine / make a comprehensive analysis of training at the domestic and international level as well as the development of personnel as a tool for successful work in all areas, with the aim of their improvement and development. This master's thesis is actually to examine the training and development of employees at the domestic and international level for successful operation and utilization of the capacity of employees. The complexity of human resources management requires modern ways of quality management that includes a series of plans, political and programs that should be adapted to the wishes, target and needs of individuals in the organization. The development of human resources is more than necessary because it is not enough just to find capable and hard-working employees, but it is necessary to constantly educate, monitor and motivate them, because only in this way can a two-sided satisfaction be achieved, in which on the one hand, the employee will be satisfied because he works in such an organization, and on the other hand, the organization will record a large profit due to this performance. Trainings are necessary because through them employees gain new knowledge and skills that help them develop in the direction of maximum productivity and professionalism.

Finally, in all organizations (especially public ones), the consciousness of the need for human resources management should be increased, as well as for the need for continuous investment in new and improving the existing knowledge and skills of employees, with the aim of creating successful organizations and businesses.

Keywords : training and development, human resources, efficiency, performance

ЛИСТА НА ТАБЕЛИ, СЛИКИ, ГРАФИКОНИ

Слика бр.1: Модел на функционирање на менаџментот со човечки ресурси

Слика бр.2: Основни фази на процесот на обука

Графикон бр.1: Пол на испитаниците

Графикон бр.2: Возраст на испитаниците

Графикон бр.3: Која е основна дејност во Вашата организација?

Графикон бр.4: Степенот на образование

Графикон бр.5: Статус на вработен

Графикон бр.6: Работно искуство

Графикон бр.7: Број на вработени

Графикон бр.8: Дали Вашата установа има организирана форма на менаџмент со човечки ресурси?

Графикон бр.9: Дали сметате дека секторот за менаџмент на човечки ресурси треба да се вложува во развојот на вработените во здравствените установи?

Графикон бр.10: Дали сметате дека со вложувањето на секторот за менаџмент на човечки ресурси во развојот на вработените се подобрува работењето на здравствената установа?

Графикон бр.11: Дали сметате дека со вложувањето на секторот за менаџмент на човечки ресурси во развојот на вработените се подобрува квалитетот на здравствената услуга, која ја нуди здравствената установа?

Графикон бр.12: Дали сметате дека организирањето на домашните обуки од страна на секторот за менаџмент на човечки ресурси за вработените во здравствените установи придонесува за подобро работење на здравствените установи?

Графикон бр.13: Дали сметате дека организирањето на меѓународни обуки од страна на секторот за менаџмент на човечки ресурси за вработените во здравствените установи придонесува за подобро работење на здравствените установи?

Графикон бр.14: Дали сметате дека вложувањето од страна на секторот за менаџмент на човечки ресурси во домашните обуки за здравствените работници придонесува за поквалитетни услуги кои ги нудат здравствените установи?

Графикон бр.15: Дали сметате дека вложувањето од страна на секторот за менаџмент на човечки ресурси во меѓународни обуки за здравствените работници придонесува за поквалитетни услуги кои ги нудат здравствените установи?

Графикон бр.16: Дали сметате дека развојот преку надградување на вработените во здравствените установи има позитивно влијание врз работењето на здравствените установи?

Графикон бр.17: Дали сметате дека доколку би посетувале домашни или меѓународни обуки, тоа би придонело за квалитетот на услуга која ја пружете на Вашето работно место?

Графикон бр.18: Дали Вие лично бевте испратен/а од страна на секторот на менаџмент за човечки ресурси на домашна или меѓународна обука според Вашата струка?

Графикон бр.19: Дали сметате дека спроведувањето на домашни и меѓународни обуки за вработените во Вашата установа придонесува за развојот на кариера?

Графикон бр.20: Ставови на испитаниците по однос на тврдење

Графикон бр.21: Ставови на испитаниците по однос на тврдење

Графикон бр.22: Ставови на испитаниците по однос на тврдење

Графикон бр.23: Ставови на испитаниците по однос на тврдење

Графикон бр.24: Ставови на испитаниците по однос на тврдење

Графикон бр.25: Ставови на испитаниците по однос на тврдење

Графикон бр.26: Ставови на испитаниците по однос на тврдење

СОДРЖИНА

ВОВЕД

I: УЛОГАТА НА МЕНАЏМЕНТОТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ…….

1. Појава на концептот за управување со човечки ресурси……..…18
2. Менаџмент на човечки ресурси – поим и значење……..….19
3. Значења на менаџерските улоги……..... 22
4. Улогата на човечки ресурси во здравствените организации…….....……26
   4.1. Правни, етички и безбедносни прашања во здравствената заштита..27
   4.2. Анализа на работа и дизајн……..……..28
   4.3. Регрутирање, селекција и задржување…….……29
   4.4. Можности во кариера во здравството……...…….…….….30
      4.4.1. Предности на вработените во здравствената заштита…….….. 31
      4.4.2. Мотивирање на вработените во здравство…….32
      4.4.3. Работнички синдикати и здравствена заштита……...…33
      4.4.4. Престанок на работа на вработените…...……..…..35
5. Обуки……..36
   5.1. Дефинирање на обуките и основните поими……..…36
   5.2. Видови обуки……..…….. 37
      5.2.1. Процес и фази на обуки……..……. 39
      5.2.2. Методи за обука……...……. 41
   5.3. Меѓународни обуки во здравствениот сектор во странските држави...42
   5.4. Обуките во здравствениот сектор во Република Северна Македонија..47

II:МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

3.1. Презентација на резултатите од првиот дел на анкетата 58

3.2. Презентација на резултатите од вториот дел на анкетата..... 62

3.3. Презентација на резултатот од третиот дел на анкетата ..... **Error! Bookmark not defined.**

3.4. Анализа на резултатите од анкетниот прашалник 75

3.5. Заклучок 77

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.....81

ПРИЛОЗИ.....85

Прилог бр.1. Анкетен прашалник 86

ВОВЕД

Иднината им припаѓа на оние кои во големите промени се подготвени да учат, а оние кои мислат дека немаат што повеќе да научат, ќе останат затечени во свет кој повеќе не постои..

Ерик Хофер

Основоположниците на теоријата на човечки ресурси се Abraham Maslow и Douglas Mc Gregor. Во пракса менаџерите имаат прифатено две теории: човечки ресурси и човечки односи.[1] Во однос на самите себе, менаџерите предност даваат на приодот на човечките ресурси, при што нивните претпоставени сакаат целосно да го искористат нивниот сопствен талент.

Менаџментот на човечки ресурси како клучна менаџерска функција има за цел да влијае врз обезбедувањето квалитетни луѓе во организацујата, нивно мотивирање, образование и усовршување со единствена намера да постигнуваат високи резултати и да даваат придонес во реализирањето на организациските цели. На овој начин се постигнува нивото на организациските способности, а со самото тоа организацијата станува поуспешна, односно го подобрува квалитетот на работењето. [2]

Да го извечеме најдоброто од човекот е всушност суштината на човечките ресурси. Менаџментот на човечки ресурси претставува процес на управување на луѓе во институциите, установите и организациите на структуриран и темелен начин, а обуката е еден од најважните сегменти на човечките ресурси, еден вид на средство со помош на кое установата или компанијата создава продуктивен, успешен и посветен тим. Ова ги опфаќа ангажирање на луѓе, нивна обука и развој, управување со пристапот кон бенефициите и надоместоците на вработените, евиденција на вработените и кадровски политики. Управувањето на човечките ресурси се фокусира на вработените, без оглед на тоа која работа ја извршуваат за да не се потпираат на вработувањето само поради извршување на

[1]Бобек Шуклев, Менаџмент 5, Економски факултет, 2008, стр.67

[2] Љупчо Печијарески, Избрани проблеми од менаџмент и развој на човечки ресурси, Прилеп, Економски факултет, 2007, стр.17-18

своите работни задачи, и според тоа, добивање на плата, туку и за подобрување на своите способности и градење на кариера.

Помина времето кога вработените учеа еднаш засекогаш. Слободно може да се каже дека факултетите веќе не ги даваат знењата еднаш засекогаш. Тие знаења е потребно перманентно да се надградуваат бидејќи промената на методологијата на работа се случува многу бргу и застарените методи за работа ја уназадуваат работната ефикасност на вработените во различни компании и институции, а посебно во јавните здравствени установи, што предизвикува штета на здравјето на пациентите.

Обуката претставува област од управувањето на човечките ресурси, со која се остварува фунцијата за развој на пероналот. Менаџерите обуката треба да ја сфатат како начин за подобрување на компетенциите на вработените, унапредување и задржување на кадрите во компаните и установите. Исто така, придонесува и за нивна мобилност во службата, се поттикнува работниот морал и мотивираност на вработените.

Под обука се подразбира секоја, повеќе или помалку, организирана програма за обучување на физичките или интелектуалните карактеристики. Образованието значи ширење на целокупното знаење, вештините и способностите на личноста, која се обучува да донесува самостојни одлуки и да дејствува во различни ситуации. Развојот значи стекнување на нови знаења, вештини и способности, кои му овозможуваат на поединецот да преземе посложени и нови работни места и позиции и да се подготви за иднината и барањата што допрва доаѓаат. За надградување на перформансите на вработените е неопходна ефикасна обука.

2020 и 2021 година беа години на тешки предизвици за компанииите во Република Северна Македонија. Се случија промени како во позитивна, така и во негативна смисла. Сведоци сме на непредвидливи промени на условите за работење, без разлика за кој сектор се работи. Но она што досега се покажа како вистина е дека луѓето и организациите се способни за огромен раст под притисок на криза. Предизвиците ќе продолжат, но важно е да се одржи начинот на размислување, што ни овозможува да се прилагодиме на секакви околности.

Човечките ресурси конечно станаа видлива суштинска и предизвикувачка тема во секоја организација, неважно дали е јавна или приватна. Благодарение на нивното опкружување со предизвиците што ги донесе пандемијата (со акцент на здравствениот

сектор), можеме слободно да кажеме дека новите модели на работа обезбедија поголема автономија и соработка, градење култура на доверба, како и паметно користење на ресурсите со цел зголемување на продуктивноста.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА НАУЧНАТА И ИСТРАЖУВАЧКАТА ОПРАВДАНОСТ НА ТЕМАТА

Идејата за создавање на овој труд е да се направи сеопфатна анализа која ќе овозможи согледување на постоечките трендови и видови на обуки со менаџментот на човечките ресурси и развојот на кариерата во јавните установи, а со цел нивно понатамошно подобрување и развој.

Суштината на човечките ресурси, всушност, е да го извлечеме најдоброто од вработените. Менаџментот на човечки ресурси претставува процес на управување на вработените во институциите, установите и организациите на структуриран и темелен начин, а обуката е еден од најважните сегменти на човечките ресурси, еден вид на средство со помош на кое установата или компанијата создава продуктивен, успешен и посветен тим. Ова опфаќа ангажирање на луѓе, нивна обука и развој, управување со пристапот кон бенефициите и надоместоците на вработените, евиденција на вработените и кадровски политики. Управувањето на човечките ресурси се фокусира на вработените, без оглед на тоа која работа ја извршуваат, за да не се потпираат на вработувањето само поради извршување на своите работни задачи и за тоа добивање на плата, туку и за подобрување на своите способности и градење на кариера.

Помина времето кога вработените учеа еднаш засекогаш. Слободно можам да кажам дека факултетите веќе не ги даваат знењата еднаш засекогаш. Тие знаења е потребно перманентно да се надградуваат бидејќи промената на методологијата на работа се случува многу бргу и застарените методи за работа ја уназадуваат работната ефикасност на вработените во јавните здравствени установи, а на штета на здравјето на пациентите.

Обуката претставува област од управувањето на човечките ресурси, со која се остварува фунцијата за развој на персоналот. Менаџерите обуката треба да ја сфатат како начин за подобрување на компетенциите на вработените, унапредување и задржување на

кадрите во компаните и установите. Исто така, придонесува и за нивна мобилност во службата, се поттикнува работниот морал и мотивираност на вработените.

Под обука се подразбира секоја, повеќе или помалку, организирана програма за обучување на физичките или интелектуалните карактеристики. Образованието значи ширење на целокупното знаење, вештините и способностите на личноста, која се обучува да донесува самостојни одлуки и да дејствува во различни ситуации. Развојот значи стекнување на нови знаења, вештини и способности, кои му овозможуваат на поединецот да преземе посложени и нови работни места и позиции и да се подготви за иднината и барањата што допрва доаѓаат.

Постојат повеќе дефиниции за човечките ресурси, но тие главно претставуваат сите луѓе кои поседуваат одреден вид на вештини и се наоѓаат на одредена позиција во општеството.

Во овој случај тоа се сите луѓе кои имаат одредена улога и со своите квалификации може да придонесат во процесот на развивање на една компанија, а со самото тоа и на целата држава.

Доколку поимот човечки ресурси го поделиме на неговите составни делови, може да заклучиме дека е вклучено следното:

- поединец на позиција да влијае врз развојот на фирмата;
- група на луѓе во позиција да влијаат на развојот доколу поседуваат одредени вештини;
- одредено образование;
- работно искуство;
- специфични знаења од областа;
- вештини;
- неформално образование.

Доколку овој труд биде прифатен со предложената структура во планот за работа, тогаш крајната негова цел ќе биде во целост исполнета.

ПЛАН ЗА РАБОТА

Трудот ќе биде создаден и ќе се базира врз неколку поглавја, во кои темелно се анализирани и претставени обуките како дополнителен фактор за поттикнување на поголема мотивација на вработените за постоечкото работно место во рамки на установата/организацијата, и тоа:

Вовед: Ќе биде претставена актуелноста на темата која се истражува заедно со мотивот на самото истражување, а дополнително и претставување на воведни факти кои се однесуваат на магистерскиот труд.

Глава 1: Во оваа глава ќе се направи преглед на литературата која се однесува на дефинирање на менаџментот на човечки ресурси и неговите функции и значење. На овој начин ќе се овозможи еден теоретски преглед и дефинирање на важните поими, појави и насоки кои се директно поврзани со предметот на она што ќе биде истражувано.

Глава 2: Се однесува на дефинирање на обуките и основните поими.

Глава 3: Во оваа глава ќе бидат образложени видовите на обуки и влијанието на обуките врз квалитетот на извршената работа.

Глава 4: Оваа глава ќе биде за меѓународните обуки и видовите на меѓународни обуки.

Глава 5: Ќе биде наменета за претставување на емпириското истражување за влијанието на обуките како мотивациски фактор (предмет на истражување ќе бидат дел од вработените на различни работни места во ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, Завод и ургентен центар Скопје со анкетен прашалник.

Заклучок: Во заклучокот ќе биде изнесено сè она што резултирало со истражувањето, како од прегледот на литературата, така и од емпириското истражување. Притоа, во овој дел ќе бидат претставени и неколку заклучоци и препораки кои се однесуваат на темата. Трудот ќе понуди соодветни препораки за понатамошен развој и

поуспешно справување со сите предизвици во насока на менаџирање и раководење со здравствената организацијата и јакнење на МЧР.

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во современото работење, кое се карактеризира со големи и забрзани промени, организациите мора постојано да се прилагодуваат и да наоѓаат нови начини за постигнување на успешност, но и за нивен опстанок и понатамошен развој. Еден од начините е обуката и развојот на вработените, кои со своите знаења, вештини, креативни способности и развојни потенцијали претставуваат најзначаен ресурс на организацијата. Начинот на кој се управува со човечките ресурси станува одлучувачки фактор за опстанок и развој на организацијата.

Предметот на истражување за потребите на магистерскиот труд: „Обука и развој на вработените и работењето на организацијата“, е теоретска и практична анализа на обуката и развојот на вработените во функција на подобрување на работењето на организацијата.

ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Основна цел на ова истражување е да се продлабочи и утврди разбирањето на влијанието на обуките во установите/организациите.

Целта на истражувањето е да се добијат нови сознанија за областа што се истражува, а тоа е менаџментот на човечки ресурси и спроведувањето на обуките на домашно и меѓународно ниво.

Научна цел: Да се добијат нови сознанија за областа која се истражува, теоретска и практична анализа на мерките на вложување на менаџментот на човечки ресурси во вработените на различни работни места, а особено за влијанието на обуката и развојот на вработените врз вработените (квалитет на услугата) и организацијата (организациски раст и конкурентност).

Исто така, како научна цел може да се постави и потврдување на апликативноста на користените мерни инструменти, за добивање на релевантни резултати, за вакви и слични истражувања.

Општествена цел: Преку стручна литература и спроведено истражување да се обезбедат нови информации и сознанија за менаџментот на човечки ресурси, односно за обуката и развојот на вработените, со цел да станат основа за идните научни истражувања.

Задачи на истражувањето се:

♦ Да се даде толкување на поимот менаџмент на човечки ресурси, целите на менаџментот на човечки ресурси и основните фази во процесот на менаџмент на човечки ресурси;

♦ Објаснување на поимите обука и развој на вработените на различни работни места, нивна споредба и значењето кое го имаат за установата;

♦ Дефинирање на процесот и методите на обука и развој на вработените на своите работни места во здравствената установа;

♦ Анализа на истражувањето и добивање на нови релевантни сознанија и заклучни согледувања за придонесот на обуката и развојот на вработените за успешноста и работењето на здравствената организација.

МЕТОДИ И ТЕХНИКИ

Со цел докажување на дефинираните хипотези, во теоретскиот дел се користат следните методи:

♦ Метод на индукција - врз основа на поединечни факти и теории да се дојде до целокупен заклучок;

♦ Метод на дедукција - метод со кој врз основа на општи ставови, се изведуваат поединечни и се доаѓа до конкретни поединечни заклучоци.

♦ Метод на анализа - расчленување на сложените поими, судови и заклучоци на нивни поедноставни составни делови, изучување на секој дел за себе и во однос на другите делови.

♦ Метод на синтеза - постапка на научно истражување по пат на спојување на делови или елементи во целина, составување на едноставни мисловни творби во сложени и сложените во уште посложени.

♦ Метод на дескрипција - постапка на едноставно опишување на фактите, процесите и предметите во природата и општеството.

♦ Компаративен метод - ќе се користи за споредба на собраните податоци од различните извори, постапка на преземање на туѓи резултати од научно-истражувачката работа, односно туѓи запазувања, ставови, заклучоци и сознанија.

Во емпириските дел се употребува техниката на истражување:

- анкетирање,

а како мерен инструмент се користи:

- анкетен прашалник.

Овој анкетен прашалник содржи претходно структурирани прашања од затворен тип, а испитаниците заокружуваат една од двете понудени опции. Притоа, резултатите од анализата на анкетниот прашалник се графички прикажани со помош на графикони.

Истражувањето се спроведе како студија на случај во јавна установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи на Универзитетски клиники, Завод и ургентен центар, Скопје. Со анкетен прашалник се анкетирани 100 вработени од сите сектори. Заради обезбедување на поголема прецизност и точност на податоците, анкетираните лица се од различен пол, возраст, степен на образование и со различни години на стаж. Прашалникот е наменски изготвен за потребите на истражувањето, поставено во овој труд и за докажување на поставените хипотези во хипотетската рамка.

ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Главна хипотеза: Вложувањето на менаџментот на човечки ресурси во обуката и развојот на вработените на домашно и меѓународно ниво во установата може значително да придонесе за успешно работење на здравствената установа.

Хипотеза 1: Доколку менаџментот на човечки ресурси вложува во обука на домашно и меѓународно ниво и во развој на вработените, тогаш тоа значително ќе влијае врз квалитетот на услугата кој ја пружаат здравствените установи.

Хипотеза 2: Со обуките и развојот на вработените, ќе се постигне позитивно влијание и врз работењето на самите здравствени установи.

СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ

За потребите на истражување, а во насока на дескриптивно презентирање на добиените податоци од истражувањето, ќе се користи Excel алатката од MS Office софтверското решение. Дополнително на ова, при анализата на податоците ќе се користи SPSS софтверското решение за статистичката обработка на истите.

I. УЛОГАТА НА МЕНАЏМЕНТОТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

1. Појава на концептот за управување со човечки ресурси

Во кој момент од историјата се појави концептот за управување со човечки ресурси? Уште во праисторијата постоеле постојани методи за избор на племенски водачи. Практиката на безбедност и здравје при лов се пренесувала од генерација на генерација. Од 2000 година пр.н.е. до 1500 година пр.н.е., Кинезите користеле техники за проверка на вработените, а Грците користеле чирак систем. Овие акции ја препознаа потребата за избор и обука на поединците за работа.

Во текот на доцните 1700-ти и раните 1800-ти, поради брзата индустријализација на Велика Британија, Соединетите држави еволуирале од земјоделска нација во индустриска нација. Се градеа британски фабрики и се развиваа иновативни производствени процеси. Соединетите држави имаа корист од овој напредок бидејќи британските имигранти го донесоа своето ново знаење во Соединетите држави. Поради оваа Индустриска револуција, се разви посебна класа на менаџери и вработени во фабриките. Работничките синдикати беа основани од 1790 до 1820 година. Овие работнички организации за членство претставуваа различни типови на квалификувани вработени, како што се печатари или столари, за да се осигура дека раководството ќе ги третира фер овие вработени. Работничките синдикати се фокусираа на безбедноста на работата, правичните плати и пократкото работно време за вработените. Оваа драматична промена во економијата на САД ја нагласи потребата за систем на работното место за управување и со вработените и со менаџментот - човечките ресурси на овие нови типови на организации. Во овој период, синдикатите станаа моќни застапници за правата на вработените, иако имаше многу судски препукувања во обид да се ублажи моќта на синдикатите во текот на деценииите.

Од 1950 до 1970 година, членството во синдикатот претставуваше повеќе од 25 % од работната сила во САД. Од 1980 до 1999 година, бидејќи економијата на САД се фокусираше помалку на производството и еволуираше во услужна економија, членството во синдикатот се намали. Иако членството во синдикатот оттогаш продолжи да опаѓа, синдикатите може да се сметаат за претходници на одделенијата за управување со човечки ресурси. Целта на двете е правичен третман на вработените од страна на раководството.

Во 1900 година, компанијата B. F. Goodrich беше пионер во формирањето на Оддел за вработени за решавање на проблемите на трудот. Во 1902 година, Националната каса, исто така, формираше посебен Оддел за справување со прашањата на вработените, како што се платите и поплаките. Повеќе компании на крајот го следеа своето водство во управувањето со човечките ресурси.

На почетокот на 20 век постоеше недостиг на работна сила, па раководството се фокусираше на зголемување на продуктивноста на своите вработени. Во 1911 година, Фредерик В. Тејлор го промовираше научниот менаџмент преку четири принципи:

1. Оценете ја задачата со расчленување на нејзините компоненти.

2. Изберете вработени кои ги имаат соодветните вештини за задача.

3. Обезбедете им на работниците стимулации и обука за извршување на некоја задача.

4. Користете наука за да планирате како работниците ги извршуваат своите работни места.

Во текот на 1960-тите и 1970-тите, законодавството, како што е Законот за еднакви плати од 1963 година, Законот за граѓански права од 1964 година, Законот за безбедност и здравје при работа од 1970 година и Законот за дискриминација при бременост од 1978 година, бараа работодавците да ги признаат правата на вработените. Во текот на 1980-тите и 1990-тите, законодавството, како што е Законот за Американците со инвалидитет од 1990 година и Законот за заштита на придобивките од постарите работници од 1990 година, дополнително ги поддржа правата на вработените. Неодамна, законодавството, како што е Законот за недискриминација на генетски информации од 2008 година и Законот за правична плата на Лили Ледбетер од 2009 година, продолжија да се фокусираат на дискриминацијата при вработување. Целта на Законот за заштита на пациенти и достапност од 2010 година, иако беше контроверзна, беше да се зголеми бројот на поединци кои ќе имаат здравствено осигурување (What Is Human Resource Management?-Johnes and Bartlet Learning, 2020).

2. Менаџментот на човечки ресурси поим и значење

Менаџментот на човекови ресурси претставува процес на управување на луѓето во институциите и организациите на темелен начин.

Менаџментот на човечки ресурси, како израз на нова филозофија и пракса на менаџментот претставува резултат на современите промени во поимањето на капиталот и новите вредности. Во литературата и праксата се користат различни термини за овој поим. Англискиот термин е Human Resource Management (HRM) и најчесто се преведува како:

- Менаџмент на човечки ресурси;
- Управување со човечки ресурси;
- Управување со човечки потенцијали;
- Менаџмент на човечки потенцијали;
- Управување со кадри.

Менаџментот на човекови ресурси претставува:


- научна дисциплина (предмет на истражување и усвојување сознанија), фокусирана на опишување, истражување, менување и усовршување на ресурсите во организациите која има за цел откривање на законитостите;

- функција на менаџментот (обезбедување на луѓе со висок квалитет, нивна мотивираност, образование и развој така што ќе остваруваат високи перформанси и ќе придонесуваат кон остварувањето на организацискатa цел);

- задача на организацијата (ја набљудува вкупната задача на организацијата од која ги расчленува работите поврзани со луѓето, односно со регрутирање, развој и задржување на вработените);

- специфична филозофија (на луѓето гледа како на клучни ресурси во остварувањето на конкурентската предност, односно начин на фокусирање на меките варијабли кои на луѓето им обезбедуваат централно место во рамките на организацијата).

Менаџментот на човечки ресурси опишува активности на менаџментот кои порано се викале персонален менаџмент, но истовремено се употребува и за означување на одреден пристап во управувањето со луѓето. Разликите помеѓу персоналниот менаџмент и менаџментот на човечки ресурси се огледува во: значењето, целите на функцијата, начинот на вршење на функција, нивото на одговорност, третирањето на вработените во организацијата, како и во положбата на вработените во организацијата. Оттука, функцијата на персоналниот менаџмент е фокусирана на административните (најчесто неповрзани) работи, како што се: водење на персонални досиеа, пресметки на плати, информирање на вработените за важни настани во организацијата и слично.



Слика 1: Модел на функционирање на менаџментот со човечки ресурси

Извор: Прирачник Менаџмент на човечки ресурси, 2008, Скопје, стр.41

3. Значења на менаџерските улоги

Менаџерските улоги се доста различни. Тие можат да ги имаат следните значења:

Планирање - Со овој аспект се селектираат намерите и целите. Елементите кои треба да се разгледуваат, прво мора внимателно да се селектираат. Секој менаџерски тим прави планови во различни интервали. Во плановите се разгледува не само моменталната состојба на некое работно место, туку и се воведуваат нови идеи за понатамошен развој на

вработениот. Мора да нагласиме дека планот е начин за постигнување на целта на менаџментот. Ако правилно се планираат, може и правилно да се реализираат сите цели.

Организирање - Секој вработен треба да има посебна улога при работата во организацијата. Тоа се постигнува со организирање, односно тоа е уште една менаџерска функција. Менаџерот мора да ја одреди улогата на вработениот во структурата на организацијата. Исто така, мора да се идентификуваат потребите од нови работни места, одблиску да се следат вработените и нивниот квалитет, мора правилно да се врши селекција на нови вработени, да се одредува кои вработени треба да се дообучуваат, кои треба да се унапредат итн. Со ова ефикасно се постигнуваат целите на организацијата и се забележува раст и развој.

Управување, т.е. раководење - Со оваа функција се делува врз успешноста на работата на вработените во организацијата, со мотивација и со воведување на продуктивна етика и правила. Исто така, треба да се воведе баланс во давање на наредби и давање на автономност во текот на извршување на задачите. Самите менаџери треба да имаат авторитет и да знаат да даваат задачи соодветно со можностите и обврските на вработените, да знаат како да донесат добри одлуки на пократкорочен и подолгорочен план, и квалитетно и јасно да комуницираат со сите нивоа на вработени.

Координирање - Со оваа функција се интегрираат и се усогласуваат сите активности на деловите на организацијата, за да може да се постигнат целите.

Контролирање - Менаџерот треба да изготви мерки со кои ќе се осигура реализацијата на планираното. Со контролата на одделни делови од организацијата, може да се провери каде настанале отстапувања и какви активности треба да се преземат за корекција на настанатите грешки. Со контролирањето се оценува успешноста за остварување на зацртаните цели и се следи извршувањето на планот (Златко Јаковлев, Функции на менаџментот).

Во литературата има бројни обиди за дефинирање на поимот менаџмент на човечки ресурси. Според многу автори, менаџментот на човечки ресури претставува комплексна дејност во која се содржани поголем број на процеси и функции. Човечките ресурси ги

претставуваат вкупните знаења, вештини, способности, креативни можности, мотивација и лојалност со која располага некоја организација (Бојациоски и Ефтимов, 2009, стр.20).

За да биде успешна, главна цел на организацијата треба да биде продуктивноста на вработените. Нивото на продуктивност може да варира во зависност од нивоата на вештини што ги покажуваат вработените на нивните работни места и нивото на задоволство на вработените од организацијата и нивните работни места. За да развие се работна сила со високи перформанси и ефикасност, организацијата треба да користи инпут за управување со човечки ресурси во следните организациски области:

1. Воспоставување на систем за правно и етичко управување;
2. Анализа на работа и дизајн на работа;
3. Регрутирање и селекција;
4. Можности за кариера во здравството;
5. Распределба на бенефиции на вработените;
6. Мотивација на вработените;
7. Преговори со организиран труд;
8. Откажување на вработени;
9. Утврдување на новите и идни трендови во здравствената заштита;
10. Стратешко планирање.

Секој човек е посебна личност и секоја организација е посебна приказна. Менаџирањето со човечките ресурси во работниот процес е многу одговорен и динамичен процес, кој ѝ помага на организацијата да допре до луѓето, да се постигнат посакуваните способности, квалитети и компетенции, а нејзиното раководство да влијае на однесувањето на поединците и групите за да ги обезбеди посакуваните резултати и цели, притоа развивајќи способен и одговорен кадар за секоја работа и да се извлече максимумот од секој поединец и тим. Менаџирањето со човечки ресурси е вештина дотолку повеќе отколку да се споредува со знаење. Менаџерите за човечки ресурси треба да бидат луѓе со хуманистички вештини и компетенции, затоа што нивната работа е поврзана со луѓе, а луѓето се жива материја. Затоа успешен менаџер за човечки ресурси е привилегија која не секој менаџер може да ја поседува.

Човечките ресурси се клучни за постигнување на зацртаните цели на организацијата. Нивната исклучителност и специфичност ги става во преден план во однос на другите

ресурси, а нивната неизмерна важност за организацискиот успех ги прави најважни ресурси на организацијата. Поаѓајќи од расположливите ресурси и потенцијали, менаџментот на организацијата треба да се стреми кон неутрализирање или барем минимизирање на негативните карактеристики на поединците, да ги препознае позитивните вредности и достапните квалитети и другите потенцијали, да ги активира и насочи на вистински начин. И покрај придобивките што различноста на работната сила им ја носи на организациите, менаџерите сè уште се соочуваат со предизвици во создавањето приспособливи и безбедни работни средини за различни вработени. Во овој дел, ќе разгледаме два од тие предизвици: лична пристрасност и стаклен таван.

Пристрасноста е термин кој опишува тенденција или претпочитање кон одредена перспектива или идеологија. Генерално се гледа како „едностранa“ перспектива. Нашите лични предрасуди предизвикуваат да имаме однапред оформени мислења за луѓе или работи. Еден исход од нашите лични предрасуди може да биде предрасуда, однапред смислено верување, мислење или расудување кон некоја личност или група луѓе. Нашите предрасуди може да се засноваат на сите видови различности за кои разговаравме: раса, пол, етничка припадност, возраст, попреченост, религија, сексуална ориентација или дури и други лични карактеристики. Главен фактор во предрасудите е стереотипизирањето, кое е судење на личноста врз основа на нечија перцепција за групата на која тој или таа припаѓа. На пример, „Оженетите лица се постабилни вработени отколку самците“ е пример за стереотипизирање. И предрасудите и стереотипите може да доведат до тоа некој нееднакво да ги третира другите кои се членови на одредена група. Тоа е она што ние го нарекуваме дискриминација, кога некој ги покажува своите предрасуди и ставови кон луѓето кои се цел на нивните предрасуди. Дискриминацијата, без разлика дали е намерна или не, може да доведе до сериозни негативни последици за работодавците. Но, не се проблем само потенцијалните финансиски последици со кои се соочуваат организациите и менаџерите поради дискриминаторските дејствија. Намалената продуктивност на вработените, негативните и нарушувачки меѓучовечки конфликти, зголемениот обрт на вработените и целокупната негативна клима може да доведат до сериозни проблеми за менаџерите. Дури и ако организацијата никогаш не се соочила со поднесена тужба за дискриминација против неа, менаџерите треба агресивно да работат на елиминирање на неправедната дискриминација. Во 1980-тите, терминот стаклен таван, првпат користен во статија на Вол

Стрит Журнал, се однесува на невидливата бариера што ги дели жените и малцинствата од врвните менаџерски позиции. Истражувањето на стаклениот таван се осврна на идентификување на организациските практики и меѓучовечките предрасуди кои го блокираа напредокот на жените. Наодите од тие студии варираат од недостаток на менторство, стереотипи за секс, ставови кои ги поврзуваат машките особини со ефективноста на лидерот и перцепциите на шефовите за конфликтот семејство-работа (Business management and organization, ERASMUS Programs, 2010 – various authors).

Деловните резултати не можат да се зголемат ако се намали задоволството од работата. Останува на менаџерите да се погрижат за ова, со цел да се воспостави задоволителна рамнотежа помеѓу организациските и индивидуалните цели и интереси. Иако најголемата одговорност за состојбата со човечките ресурси, односно потенцијалот во организацијата ја има нејзиниот менаџмент, како фактор кој управува со сите организациски ресурси, а со тоа и човечките, факт е дека за успешно управување со човечките ресурси потребни се експерти и нивното знаење и вештини од областа на психолошките, социолошките, организационите, правните и други науки.

Современиот свет е свет кој е исполнет со постојани очекувања за промени кои ќе го подобрат квалитетот на животот и услугите за сите. Со развојот на науката и технологијата овој напредок стана очекуван и реален, а значаен фактор кој ги поттикна овие наши големи очекувања се претприемачите, односно луѓето способни да ризикуваат време и пари со цел да го максимизираат својот профит и да го загарантираат нивното место на економскиот пазар. Во литературата е познато дека поимот „претприемач“ прв го употребува англискиот економист Ричард Кантијон. Неговот дефинирање за поимот претприемач било ограничено на работниот човек кој организира некоја работа со цел да оствари добивка, но презема и ризик за таа работа, затоа што конкуренцијата настојува заработувачката на преприемачот да ја сведе на нормална вредност на нивните услуги.

Дури и децата на претшколска возраст знаат дека луѓето кои имаат одредени компетенции што ги стекнале преку нивното формално образование, но и во процесот на неформалното образование, се предуслов со кој може да се стигне до подобро платена работа и да се изгради успешна професионална кариера и создавање компанија која ќе биде доминантна на економскиот пазар (What Is Human ResourceManagement? Johnes and Bartlet Learning, 2020).

4. Улогата на човечките ресурси во здравствените организации

Улогата на менаџментот со човечки ресурси е партнерство помеѓу одделот за човечки ресурси (HR) и менаџментот, без оглед на организацискиот тип. Повеќето одделенија за човечки ресурси имаат слични одговорности. Партнерството за човечки ресурси и управување е единствено во здравствената индустрија бидејќи многу здравствени организации имаат двојна административна структура на клинички менаџери и менаџери за здравствени услуги кои надгледуваат две различни групи вработени со различни одговорности и различни потреби за обука. На пример, клиничките менаџери имаат обука или искуство во одредена клиничка област и, соодветно, имаат поспецификни одговорности отколку генералистите или менаџерите за здравствени услуги (BLS, 2011).

Според Zingheim и Schuster (2002), постојат чекори што една организација може да ги преземе за да поттикне врска помеѓу одделот за човечки ресурси и повисокото раководство:

